**.МК Доверител (Trustee) Договор**

Овој договор се склучува помеѓу Доверител Агентот (Designated Agent ltd), и "Регистрантот" (Клиентот кој плаќа за конкретниот .МК домен)

**1. Обврски**

1.1 Доверител Агентот е лоциран во Англија, за кој Регистрантот бара регистрација на доменот.
1.2 Доверител Агентот во свое име ќе поднесе барање за регистрација и ќе го регистрира доменот за сметка на Регистрантот.
1.3 Иако доменот ќе биде регистриран во име на Доверител Агентот а не на Регистрантот, доменот ќе биде користен од страна на Регистрантот и признаен од Доверител Агентот, исто како да бил регистриран во име на самиот Регистрант.
1.4 Доверител Агентот му го гарантира на Регистрантот правото за користење на доменот, а Регистрантот прифаќа и се согласува дека стекнатото право е лично негово и истото неможе да биде пренесено, доделено, лиценцирано, попречено или на било каков начин оттуѓено, делумно или во целост од негова страна, без претходна писмена согласност од Доверител Агентот. Исто така, Доверител Агентот прифаќа и се согласува дека нема го пренсува доменот на кои и да било трети лица, без претходна писмена согласност од Регистрантот.

**2. Обештетување и одрекување од одговорност**

2.1 Со овој договор, Регистрантот се согласува да го заштити и обештети Доверител Агентот и притоа води грижа истиот да остане неоштетен од какви и да било побарувања, дејствија, долгови, загуби, штети, трошоци, професионални или други расходи од секаква природа, кои се издржувани, задолжени, платени или претрпени како штета на товар на Доверител Агентот, а произлегуваат или се порвзани со користењto на доменот од страна на Регистрантот.

2.2 Доверител Агентот нема да биде должен кон Регистрантот, или одоговрен за:
2.2.1 Достапноста на доменот за кој е поднесена апликација; и/или
2.2.2 Секаков вид на трошоци или загуби, кои би можеле да се појават директно или индиректно, како резултат на некаков прекин во употребата на доменот, додека истиот е деактивиран, пренаосочен или проследен кон нови именски опслужувачи, а кои наводно произлегле од прекршување на правата на интелектуална сопственост, или каква и да било друга претпоставка за криминално користење на доменот од страна на Регистрантот, дури и доколку подоцна се испостави дека Регистрантот е ослободен од секаков сомнеж, врз основа на судска пресуда или донесена одлука на било каков друг вид на административен процес.

**3. Престанок**
3.1 **.**МК Доверител Договорот може да се раскине 30 дена по добиеното известување од страна на Доверител Агентот, или пак доколку доменот е откажан.
3.2 .МК Доверител Договорот се смета за раскинат, доколку Доверител Агентот забележи дека било каков материјал или линк објавен на интернет страната кон која посочува доменот, би можел да се протолкува како прекршување на правата на интелектуална сопственост и/или е криминално сомнителен на на каков и да било начин. По раскинувањето на договорот, според овој став 3.2, Доверител Агентот веднаш ќе пристапи кон:
3.2.1 Прекин и целосно стопирање на уботребата на доменот.
3.2.2 Деактивирање на доменот; и/или
3.2.3 Пренасочување на доменот кон нови именски опслужувачи, без претходно писмено известување до Регистрантот, сè додека случајот не биде разрешен.

**4. Законска регулатива**

Со регистрирањето на доменот, .МК Доверител Договорот ќе биде толкуван, интерпретиран и раководен во согласност со македонското законодавство.

**5. Правна Надлежност**

Сите спорови кои би можеле да произлезат од одредбите во .МК Доверител Договорот, ќе бидат разрешувани од судот во Македонија.